# ПРОГРАМА

**1.V.AZZARASHVILLI - NOCTURNE**

**2. E. EWAZEN - PALISADES SUITE**

- **BEAUTY**
- **SADNESS**
- **ANGUISH**
- **HOPE**

**3. ERNESTO CAVALLINI „REVERIE RUSSE“**

**4.F.SCHMITT - SONATINE OP.85**

**5. C.SAINT SAENS - TARANTELLA OP. 6**

**6. МАРЈАН ЈАНКОВСКИ - НА ПАТ ЗА ДОМА**

**ЗЛАТКА МИТЕВА,** Е ФЛЕЈТИСТ ОД МЛАДАТА ГЕНЕРАЦИЈА, РОДЕНА 1980 ГОДИНА. ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СРЕДНОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ ВО ШТИП ГО ПРОДОЛЖУВА СВОЕТО ОБРАЗОВАНИЕ НА НАЦИОНАЛНАТА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА „ПАНЧО ВЛАДИГЕРОВ” ВО СОФИЈА, КАЈ ПРОФ. ЛИДИЈА ОШАВКОВА, КАДЕ ШТО ДИПЛОМИРА И МАГИСТРИРА ВО 2005 ГОДИНА КАКО МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ. СВОЈОТ МУЗИЧКИ ПРОФИЛ ЗЛАТКА МИТЕВА ГО УСОВРШУВА НА МНОГУБРОЈНИ СЕМИНАРИ И МАЈСТОРСКИ КЛАСОВИ КАЈ ЕМИНЕНТИ СВЕТСКИ ФЛЕЈТИСТИ КАКО ПАТРИК ГАЛА, ЖЕРАРД БУРГОЊ, АНДРАШ АДОРЈАН, МАРИНА НОВАК, ФИЛИП БЕРНОЛД, КЛАУДИО ФЕРАНИ И ДР. НОСИТЕЛКА Е НА МУЗИЧКИ НАГРАДИ ОД ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ПО ФЛЕЈТА И КАМЕРНА МУЗИКА. ЗЛАТКА МИТЕВА ИМА БРОЈНИ НАСТАПИ НА МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛИ ВО ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО; КОНЦЕРТ СО МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА, КОНЦЕРТ СО АКАДЕМСКИОТ СИМФОНИЧЕН ОРКЕСТАР ВО СОФИЈА, БУГАРИЈА, СОЛИСТ НА ФЕСТИВАЛОТ ”БАХОВИ ВЕЧЕРИ”, МУЗИЧКИОТ ФЕСТИВАЛ ,,АПОЛОНИЈА,, И ЕВРОПСКИОТ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ВО СОФИЈА И ВАРНА. СО ПИЈАНИСТКАТА НАТАША ТРБОЈЕВИЌ ОСТВАРУВА УСПЕШНИ КОНЦЕРТИ ВО КАСЕЛ, ГЕРМАНИЈА, МУЗЕЈ „БОРИС ХРИСТОВ„ ВО СОФИЈА, ВО „MC GALLERY„ ВО ЊУЈОРК, ФЕСТИВАЛОТ НА НАРОДИТЕ „ CONCERTTI DEL TEMPIETTO„ ВО РИМ, ИТАЛИЈА, ВО ЗАГРЕБ, ХРВАТСКА, ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА, НА ФЕСТИВАЛОТ „ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА„ВО СКОПЈЕ, НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ПЕТРОВДЕНСКИ КОНАЦИ„ ВО КОЧАНИ, УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА „БЕЗИСТЕН„ ВО ШТИП, ВО СТРУМИЦА, ТЕТОВО, ВЕЛЕС, ОХРИД И ДР. ЗЛАТКА МИТЕВА Е ЧЛЕН НА КАМЕРНИОТ СОСТАВ ТРИО АКАДЕМИКО И ЗАЕДНО СО ОВОЈ СОСТАВ КОНЦЕРТИРА НА ПОВЕЌЕ ФЕСТИВАЛИ: “СВ. СОФИЈА” ВО ОХРИД, ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО, СКОПСКО ЛЕТО, МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ, ИНТЕРФОКС – ОСИЈЕК ВО ХРВАТСКА, КОНЦЕРТИ ВО БЕЛГРАД И НОВИ САД ВО Р. СРБИЈА, НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА „ФРАНЦ ЛИСТ„ ВО ПЕЧ И БУДИМШЕШТА, УНГАРИЈА, ФРАНКОФОНСКИОТ ФЕСТИВАЛ „СОЛЕЈ„ ВО СОЗОПОЛ, МКЦ ВО СОФИЈА, БУГАРИЈА, ФЕСТИВАЛОТ ПРО МУЗИКА ВО СКОПЈЕ И ДР. ТАА Е ЧЛЕН НА АКАДЕМСКОТО ДУВАЧКО ТРИО И АНСАМБЛОТ ЗА СОВРЕМЕНА МУЗИКА НА СОЈУЗОТ НА КОМПОЗИТОРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ,,КОНТЕМПОРА,,. СТИПЕНДИСТ НА 15 - ОТ ФЕСТИВАЛ ЗА ФЛЕЈТА "FLAUTISSIMO" ВО РИМ, ИТАЛИЈА. ДОБИТНИК Е НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА "ГЕОРГИ БОЖИКОВ" И ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ФОНДАЦИЈАТА "ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ" ВО 2017 ГОДИНА, ИЗДАДЕ ЦД ( МУЗИКА ЗА ФЛЕЈТА И ПИЈАНО ОД МАКЕДОНСКИ АВТОРИ ) ЗАЕДНО СО ПИЈАНИСТКАТА НАТАША ТРБОЈЕВИЌ. ВО МОМЕНТОВ, ЗЛАТКА МИТЕВА Е ПРОФЕСОР ПО ФЛЕЈТА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП.